Република Македонија
Совет на Општина Велес
Број 25-6466/1
21.12.2018 година
Велес

Врз основа на член 39, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 18, став 3 од Статутот на Општина („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на 26 - та седница на Советот**
на Општина Велес

Седницата ќе се одржи на ден 28.12.2018 година (петок) во просториите на Општина Велес со почеток во 10:00 часот.

-Усвојување на записник од 25-та седница на Советот на Општина Велес.

За седницата го предлагам следниот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог-Буџет на Општина Велес за 2019 година.
2. Предлог-одлука за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2019 година.
3. Предлог-одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2019 година.
4. Предлог-одлука за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес.
5. Предлог-одлука за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште на територијата на Општина Велес.
6. Предлог-одлука за утврдување на потребата за изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес, КО Оризари-вон град.
7. Предлог-годишен план за вработување на општина Велес за 2019 година.
8. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2018 година.
9. Предлог-годишна програма за работа на Советот на Општина Велес за 2019 година.
10. Предлог-годишна програма за обележување годишнини на значајни настани и личности за 2019 година.
11. Предлог- оперативна програма за одржување на јавното зеленило на територијата на општина Велес за 2019 година.
12. Предлог-годишна програма за работа на општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2019 година.
13. Извештај за работа на ЈКП „Дервен“ за период од 01-09 месец 2018 година.
14. Решение за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за управување и одржување на градските гробишта.
15. Извештај за работењето со финансиски резултати на ЈПССО Парк-Спорт Велес за период од 01.01.2018 година до 30.09.20148 година.
16. Предлог-програма за работа и финансиски план на ЈПССО „Парк-Спорт“ Велес за 2019 година.
17. Предлог-решение за одобрување средства од Буџетот на Општина Велес.

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.